**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ТЕХНИЧКО УПАТСТВО ЗА ЧУВАЊЕ НА РЕЗЕРВНА КОПИЈА (BACKUP) НА ПОДАТОЦИТЕ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, јуни 2021 година**

Врз основа на член 25 од Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.01-630/1 од 10.06.2019 година и член 22 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 07.06.2021 година донесе

# ТЕХНИЧКО УПАТСТВО

## за чување на резервна копија (backup) на податоците во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

### I. Цел и намена на техничкото упатство

Ова Техничко упатство има за цел: (1) Прецизно да ги дефинира активностите за управување со резервите копии и архивите на податоците во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисијата); (2) Да спречи губење на податоци поради случајно или намерно бришење, оштетување или во случај на катастрофа; (3) Да се задоволат временските рокови кои се предвидени за враќање на податоците и бизнис процесите; (4) Да се овозможи сигурно чување на медиумите каде се сместени резервите копии и архиви.

### II. Опфат

Политиката на чување на резервни копии се однесува на сите сервери кои се носители на податоци кои се поврзани со работењето на Комисијата за хартии од вредност.

Инфраструктурата која ги опслужува апликацијата во Комисија за хартии од вредност ја сочинуваат следниве сервери:

| **Име на сервер** | **Функција** |
|---|---|
| **Web1** | Web server, IIS |
| **Web2** | Web Server, IIS |
| **DB1** | MSSQL |
| **DB2** | MSSQL |
| **DC1** | DC, DNS |
| **DC2** | DC, DNS |
| **Vsrv01** | Web server, IIS |
| **Vsrv02** | Web server, IIS |

## III. Политика на креирање на резервни копии

Системската состојба на оперативниот систем на сите сервери се бекапира еднаш неделно - целосен бекап како виртуелна машина на НАС уред кој се наоѓа во заштитената просторија во Комисијата.

MSSQL серверите (DB1, DB2) се бекапираат на два начина Системската состојба се бекапира еднаш неделно како виртуелна машина и дополнително се бекапираат базите на податоци: со процедурата за бекапирање на бази, бекапот се складира на надворешен НАС уред.

Во случај на поставување на нова верзија од решението (deploy на верзија) се направи целосен бекап на базите и системската состојба на оперативните системи на сите сервери пред поставување на нова верзија, во време кога е потврдено дека функционалноста на решението е во ред, и после поставување на новата верзија повторно откако ќе се потврди дека решението функционира како што е предвидено.

За постигнување на целосна висока достапност Комисијата има спроведено процедура за креирање на "Disaster Recovery Site" кој се наоѓа во Azure Cloud. Сите сервери кои се неопходни за функционирање на Комисија за хартии од вредност се реплицираат во Azure Cloud со "Site recovery plan" на секој 15 мин. Во случај на катастрофа во примарните простории на Комисијата овие сервери можат да се стартуваа во рок од не подолг од 3 часа.




**Сл1.КХВ Инфраструктура**